Предлагачи:Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ,

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, март 2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: 26. 03. 2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 2108/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ

1. Мартин Костовски
2. Atman Nezhi
3. Arbër Ademi

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Слободата на изразување како основно и неприкосновено право на сите граѓани е загарантирана со  Уставот на Република Северна Македонија. Основните начела и услови што треба да бидат исполнети од страна на издавачите на медиуми утврдени со овој закон при вршење на дејноста, како и обезбедување на заштита на малолетни лица, одговорен уредник и уредништво, правото на новинар да го изнесе своето мислење и став и да одбие да изврши налог, односно задача, заштита на изворот на информации, импресум, јавност во работата на издавачот на медиум и правото на исправка и одговор на објавена информација како и условите и постапката за доделување финансиска поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиумисе пропишуваат во Законот за медиуми.

Како резултат на големите трошоци за печатење и дистрибуција, бројот на активни печтени медиуми особено локалните, неделните и месечните медиуми сериозно опаѓа. Во однос на намалувањето на печатените медиуми големо влијание имаат трошоците за дистрибуција, кои варираат од 35%-40% од продаден тираж, што воедно преставува и  огромен товар за печатените медиуми.

Заради надминување на оваа состојба со предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми се воведува измена во однос на  доделената финансиска помош за неделните, месечните и локалните медиуми. Имајќи предвид дека овие печатени медиуми, за разлика од дневните печатени медиуми немаат приходи од огласите на државните институции, на барање на  Асоцијацијата за заштита на Национални печатени медиуми (АЗНПМ) се предлага  помошта за неделните, месечните и локалните медиуми да биде во износ од 70% од направените трошоци за печатење и дистрибуција.

За зголемување на финансиската поддршка на трошоците за печатење и дистрибуција на овие печатените медиуми и зачувување на традиционалното медиумско известување се предлага  донесување на Предлог законот.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Целта на законот е да се зајакне улогата на печатените медиуми особено неделните, месечните и локалните медиуми и да се зголеми финансиската поддршка за нив бидејќи за разлика од дневните медиуми, овие медиуми немаат приходи од огласите на државните институции.

Со предложениот закон се стимулираат неделните, месечните и локалните медиуми и оние весници кои што се објавуваат на јазикот на националностите во Република Северна Македонија да продолжат со своето работење и издавање на својот јазик.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Предлогот за изменување и дополнување на Законот за медиуми предвидува финансиската поддршката за печатење и дистрибуција на печатените медиуми да се врши од предвидените средства од Буџетот на Република Северна Македонија, така што вкупната финансиска поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиуми, не смее да го надмине износот од 0.03 % од реализираните даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми ќе предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија и повлекува материјални обврски на Владата на Република Северна Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН

Согласно со член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, од причина што не се работи за обемен закон, предлагаме по Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми, Собранието да расправа по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
# ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ

Член 1

Во Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ број 184/13, 13/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 63/24), во член 28-а ставот (4) се менува и гласи:

„ (4) На дневните печатени медиуми кои се издаваат на македонски јазик им се доделат средства во висина од 50% за направените трошоци за печатење и во висина од 50% за направените трошоци за дистрибуција, а на дневните печатени медиуми кои се издаваат на јазик, различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат припадниците на заедниците кои се најмалку 20% или помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија загарантирани со Уставот, во висина од 70% за направените трошоци за печатење и во висина од 70% за направените трошоци за дистрибуција. Средства во висина од 70% за направените трошоци за печатење и 70% од направените трошоци за дистрибуција ќе им се доделат и на неделните, месечните и локалните печатени медиуми, согласно доставените фактури за претходната календарска година.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми содржи 2 члена.

Со членот 1 се уредува зголемување на финансиската помош за неделните, месечните и локалните печатени медиуми, кои се издават на македонски јазик и на јазикот на припадниците на заедниците кои се најмалку 20% или помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија загарантирани со Уставот.

Во член 2 е уредено влегувањето во сила на Законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното законско решение ќе се надмине моменталната состојба, односно неделните, месечните и локалните печатени медиуми ќе можат да аплицираат за поголема финансиска поддршка за печатење и дистрибуција.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ

ОД ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ КОИ СЕ МЕНУВААТ ИЛИ ДОПОЛНУВААТ

**Финансиска поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиуми**
**Член 28-а**

(1) Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата) еднаш годишно во тековната календарска година објавува јавен повик за финансиска поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиуми за претходната календарска година.

(2) Јавниот повик од ставот (1) на овој член ги содржи условите од членот 28-б став (3) од овој закон и истиот трае 10 дена од денот на објавувањето. Јавниот повик се објавува на веб- страницата на Владата, како и во најмалку три дневни весници кои се издаваат на територијата на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

(3) Финансиската поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми се врши од предвидените средства од Буџетот на Република Северна Македонија, така што вкупната финансиска поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиуми не смее да го надмине износот од 0.03% од реализираните даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија.

(4) На печатените медиуми кои се издаваат на македонски јазик се доделуваат средства во висина од 50% за направените трошоци за печатење и во висина од 50% за направените трошоци за дистрибуција, а на печатените медиуми кои се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот во висина од 70% за направените трошоци за печатење и во висина од 70% за направените трошоци за дистрибуција, согласно со доставените фактури за претходната календарска година.